Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.66/03) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл. гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.11. 2013 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
За активностите на Општина Крива Паланка во
областа на културата во 2014 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Крива Паланка,

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка,

-Создавање услови за развој на културата,

-Воведување нови форми на културно изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и дават посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

-Унапредување на меѓународна културна комуникација врз реципрочна основа со збратимени градови на Општина Крива Паланка

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници,

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2014 година , средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорстава и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

-Министерство за култура на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО
ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината,

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации,

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.07-3130/31 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
07.11.2013 год. **Претседател,**
Крива Паланка **М-р.Борче Стојчевски**